**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Александар Чамовски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Струмица и Радовиш**
**ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3**
**тел. 034/609-400**

**Образец бр.66**

**И.бр. 2148/2025**

Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Капитал Банка АД Скопје од Скопје со седиште на ул.Никола Кљусев бр.1, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.303/25 од 26.03.2025 година на Нотар Елена Милушева Сапунџиева, против должникот ДПТУ Касалуссо Дизајн ДООЕЛ с.Робово од Босилово со седиште на 3 бр.10 Инд.зона-блок 10 Робово Босилово, за спроведување на извршување во вредност парично побарување на ден 17.03.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-КП.бр.173, место викано КАРАБУРУН, катастарска култура гз, гиз, во површина од 1332 м2, сопственост, КО РОБОВО
-КП.бр.173, место викано КАРАБУРУН, катастарска култура гз, зпз 1, во површина од 299 м2, сопственост, КО РОБОВО
-КП.бр.173, дел 0, адреса КАРАБУРУН, број на зграда/друг објект 0, намена на зграда Б1-17, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 293 м2, сопственост, КО РОБОВО
запишана во имотен лист бр.210 КО РОБОВО при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Струмица, која се наоѓа во сопственост на должникот ДПТУ Касалуссо Дизајн ДООЕЛ с.Робово;

**ЗАБЕЛЕШКА:**Составен дел на погореопишаниот недвижен имот е имот со незапишани права во јавна книга кој се состои од бесправно изградени доградби на деловен објект означени како објект 2, објект 3 и објект 4 на КП.бр.173 КО Робово, којшто објект бр.2 е со површина од 97м2 и внатрешна површина од 95 м2, објект бр.3 е со површина од 9м2 и внатрешна површина од 8м2, објект број 4 е со површина од 51м2 и внатрешна површина од 49м2, а кои бесправни доградби се попишани со Записник за попис на предметна недвижност (врз основа на чл.239-а став (1) од ЗИ) по И.бр.2148/2025 од 20.01.2026 година, а кои доградби се детално опишана во Геодетски елаборат за идентификација на лице место со премерување бр.03-546/3 од 18.12.2025 година изработен од ДГР ГЕО ПРЕМЕР ДООЕЛ Струмица.

Продажбата ќе се одржи на ден 08.04.2026 година во 12,00 часот во просториите на Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 Струмица.

Почетната вредност на недвижноста**, заедно со градежната вредност на попишаните објекти**, утврдена со заклучок за утврдување на вредност на недвижност на Извршителот Александар Чамовски од Струмица од 17.03.2026 година, изнесува 7.065.301,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености
-Нотарски Акт-Договор за хипотека ОДУ.бр.303/25 од 26.03.2025 година на Нотар Елена Милушева Сапунџиева од Струмица.

-Налог за извршување врз недвижност (врз основа на чл.166 од ЗИ) И.бр.1651/2025 од 25.08.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.1945/2025 од 02.10.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.789/2025 од 02.10.2025 година на Извршител Милена Манолева од Струмица.

-Налог за извршување врз недвижност (врз основа на чл.166 од ЗИ) И.бр.2148/2025 од 30.10.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.2149/2025 од 31.10.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.2151/2025 од 31.10.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.859/2025 од 31.10.2025 година на Извршител Милена Манолева од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.611/2025 од 26.01.2026 година на Извршител Бране Милчески од Струмица.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000248209 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027020507180.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Чамовски